РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-1791/6
01-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1791/1 од 22.04.2026 година, оформен по наводи против лицето --------- -----------, директор во Државниот ------------ -- ----------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за предметните наводи и пријавените дејствија постапил друг надлежен орган и не констатирал повреда на закон.

Предметот со број 12-1791/1 од 22.04.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 23.04.2026 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи против лицето --------- -----------, директор на Државниот ------------ -- -------------, по што оформен е предмет број 12-1791/1 од 22.04.2026 година. Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за незаконски спроведена постапка за унапредување на лицето --------- ------------ - ------------ вработена во Државниот ------------ -- ---------------- регионално одделение -------- на работно место со звање помлад соработник.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара од Државниот управен инспекторат да постапи во рамките на своите законски надлежности и да изврши вонреден инспекциски надзор над спроведената постапка за унапредување на административниот службеник и за исходот да ја извести Државната комисија со достава на прилог записник и друга документација.

Во законски утврдениот рок доставени се бараните информации и документи и по разгледување на истите констатирано е следното:

Државниот управен инспекторат на РСМ извести дека по извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Управен инспектор било утврдено дека административниот службеник ------------ ------------ ----------- која како првовработена во Државниот ------------ -- ------------ Регионално одделение ----------- на работното место со звање помлад соработник а подоцна унапредена на работното место Советник за статистички истражувања во наведеното Регионално одделение било реализирано во постапка за унапредување со распишување на интерен оглас. Наведено е дека работното место на кое што било лицето унапредено било предвидено во донесен Правилник за систематизација на работните места на Државниот ------------- -- -------------- број 01-118/2 од 14.08.2019 година, а имало и согласност број 12/6-3762/57 од 26.12.2019 година издадена од Министерството за информатичко општество и администрација. Исто така Државниот завод за статистика го имал добиено и потребното позитивно мислење од страна на Министерството за финансии во врска за обезбедени финансиски средства за реализација на Годишен план за вработување за 2024 година, и позитивно Мислење број 19-170/2 од 13.01.2025 година на Министерството за финансии дека финансиските средства за реализација на годишниот план за вработување за 2024 година се обезбедени во тековната 2025 година. По добивањето на бараните согласности од страна на директорот на Државниот ------------- -- ----------------- до одделението за човечки ресурси било поднесено барање за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници број 04-1813/1 од 25.12.2024 година во кое што под реден број 15 било предвидено Советник зза статистика и истражување во Регионалното одделение -----------. Од увидот во списите Управниот инспектор не утврдил повреда на одредбите од Законот за административни службеници, односно постапката за унапредување по интерниот оглас била спроведена согласно законските прописи.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметните наводи и пријавените дејствија постапил друг надлежен орган кој не констатирал повреда на закон во предметната постапка, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК